ИНТЕРВЈУ: ТИМ ЏУДА

ПУБЛИЦИСТ И НОВИНАР



**ПРАВЕЦ**
Во последниве десетина години сите земји од Западен Балкан направија голем прогрес, но во последно време работите како да одат во погрешен правец

# Со Александа ја загрозува

## Светот ја доживува антиквизацијата во Македон




**ПОВРЗАНОСТ** Колку ВМРО-ДПМНЕ мисли дека е посилна, таа се чувствува помоќно да ѝ парира на Грција, и обратно, како што владата во Атина станува послаба, таа чувствува дека треба да го продлабочи судирот со Македонија, бидејќи тоа ја одржува на власт

# ар Велики си
# те иднината

**ија како нешто ексцентрично, детско и бизарно**

ПИШУВА БОРИС ГЕОРГИЕВСКИ
ФОТО: АНДРЕЈ ГИНОВСКИ

Публицистот и новинар Тим Џуда се смета за еден од најдобрите британски познавачи на Балканот. Џуда директно известуваше за војните во Хрватска, Босна и во Косово, а објави три книги во кои одблизу се занимаваше со проблемите на национализмот и со митовите на Балканот, особено во Србија за време на владеењето на Милошевиќ. Денес, меѓу другото, работи и како известувач на угледниот британски весник „Економист“ од Балканот.

■ **Г-не Џуда, деновиве беше одбележана 10-годишнината од НАТО-нападите врз поранешна Југославија. Што значеше оваа војна за регионот од денешна перспектива и дали работите се променија на подобро?**

Очигледно е дека работите драматично се променија од крајот на бомбардирањето, но особено по 5 октомври 2000 година и по падот на Милошевиќ, работите во целиот регион тргнаа во позитивна насока. Сепак, во актуелната ситуација во која сме денес, многу сум загрижен за иднината. Во последниве десетина години сите земји од Западен Балкан направија голем прогрес, но во последно време работите како да одат во погрешен правец, поради внатрешни, но многу повеќе поради надворешни причини, и моментно тоа ме загрижува.




# „Ф1Со антиквизацијата, Македонија ја загуби морална

■ **Може ли да се каже дека Балканот е стабилизиран и дека сите земји порано или подоцна ќе станат дел од евроатлантските интеграции?**

Да ме прашавте пред 18 месеци, со сигурност ќе ви одговорев потврдно. Но, денешната ситуација изгледа далеку помрачна. Не се сомневам дека на долг рок, сите ќе стигнат таму и дека сите ќе бидат обезбедени, но мислам дека светската економска криза придружена со заморот од проширувањето кој се чувствува во Европската унија, индивидуалните проблеми на секоја земја-членка, но и билатералните проблеми, како што се вашиот со Грција, на Хрватска и Словенија, на Србија и Холандија, блокадата на апликацијата на Црна Гора од страна на Германија. Сето ова се загрижувачки знаци кои се случуваат во исто време со светската економска криза, која сè уште не го погодила Западен Балкан со сета нејзина сила, но тоа ќе се случи, бидејќи најлошото сè уште не минало.

Не велам дека сето ова ќе ги спречи земјите од Западен Балкан да се приклучат кон ЕУ, но проблемот е што денес не знаеме како ќе изгледа ЕУ ниту за 2-3 години. Генерално сум сè уште оптимист, но, како што реков, помалку сум оптимист отколку што бев пред 18 месеци. Земете го примерот на Црна Гора, која нема проблем со ниту еден сосед и која аплицираше за членство во декември минатата година за кандидатски статус, кој вашата земја веќе го доби и кој е еден целосно технички процес, но беа блокирани благодарение на Германија, кои велат дека моментно не сакаат да зборуваат за проширување. Партијата на Ангела Меркел, ЦДУ, вметна и во својата изборна програма за изборите за Европскиот парламент во јуни клаузула во која се вели дека по Хрватска проширувањето треба да запре. Ако не постои веројатноста на ветувањето, тогаш тоа отвора голем број проблеми тука. Проблемот е што го знаете тоа, дури и амбасадорите на тие земји кај вас го знаат тоа, но за министрите за надворешни работи во Лондон, Париз или во Берлин, Македонија е проблем број 3.024 по ред и не ги интересира. Тие си имаат проблеми со економската криза, со Авганистан, со Иран, Ирак, а Македонија и Западен Балкан се мали проблеми и, всушност, не можат да останат во фокусот на големите сили.

■ **Може ли од ова што го зборувате да се заклучи дека на Балканот сè е в ред и нема никакви проблеми и дека регионот е подготвен за членство, а дека блокадите доаѓаат од Брисел или од другите европски центри?**

Не. Се работи за комбинација на проблеми. Сè случи се одеднаш, и економската криза и заморот од проширувањето. Според мене, Балканот, дефинитивно, е подготвен за следниот чекор, иако работите можат да се одвиваат и подобро. Замислете само што би се случило доколку утре биде уапсен Ратко Младиќ? Мислам дека нешто такво ќе предизвика доволно внимание и позитивна енергија кон Западен Балкан и голем број луѓе ќе гледаат позитивно на тоа и тоа ќе биде дополнителен аргумент за балканските аспирации да го направат и следниот чекор. Но, тоа, за жал, моментно не се случува. Такви драматични моменти навистина можат да повлечат



**ПРОЦЕНА** Не гледам никаква можност дека проблемот со името ќе се реши во блиска иднина. Доколку не сте го решиле во изминатите 18 години, сега во овие изменети околности тоа ќе биде многу потешко

задремани и разбудени по потреба, а сега се пак во таа фаза на заспаност. Сега, такви процеси имате и кај вас во Македонија. Со оваа т.н. антиквизација, која се доживува многу чудно во надворешниот свет, со преименувањето на објекти по Александар Велики или Филип од Македон..., можам да разберам зошто се прави тоа од политички причини овде во Македонија, но тоа не ви носи никаква поддршка надвор. Благо речено, изгледа чудно.

**■ Дали сакате да кажете дека постојат некакви паралели со она што се случуваше во Србија и во Хрватска во 1990-тите со ова што се случува кај нас?**

Не би го преувеличувал тоа. Но, не можам да видам како вие овде ќе ги мобилизирате луѓето околу Александар Велики, како што, на пример, беа мобилизирани луѓето во Србија околу митот за Косово. На крајот на краиштата, во тој мит ги имавте коскиte на Лазар, кои беа шетани наоколу каде што живееја Србите. Вие овде немате никакво физичко наследство од Александар кое би го шетале наоколу, сакам тоа што тука, како што станува Владата посилна и ја консолидира својата моќ, еве, на добар пат е да добие и претседател, колку ВМРО-ДПМНЕ мисли дека е посилна, таа се чувствува моќно да ѝ парира на Грција и, обратно, како што владата во Атина станува послаба, тие чувствуваат дека треба да го продлабочат судирот со Македонија, бидејќи тоа ги одржува на власт. Тоа е една изопачена симетрија која не раѓа оптимизам дека ќе се најде некаков компромис.

**■ Како во западноевропските земји се доживуваат овие процеси кај нас? Како Вие ги доживеавте? Уживаме ли некакви симпатии?**

Без разлика на она што го добива владејачката партија од граѓаните овде, мислам дека многу повеќе губат на меѓународно ниво, бидејќи станува збор за сериозен проблем. Се доживува како нешто ексцентрично, детско... Одеднаш преименувате сè според Александар Велики - тоа е бизарно. Грците беа доволно луди да го сторат истото тоа во почетокот на 1990-тите, и одеднаш, 18 години подоцна, истото тоа го правите и вие.

**...та поддршка што ја уживаше во последните 18 години“**

напред.

**■ Можно ли е заморот што е присутен во ЕУ да доведе до некој нов чекор назад на Балканот, нешто слично како во 1990-тите?**

Не мислам дека враќањето кон црните денови од 1990-тите е можно денес. Но, не би го отфрлил во иднина, доколку перспективите останат целосно блокирани уште долг период. Сè додека луѓето гледаат некаков напредок, некаква перспектива за иднината, тоа не е можно, но доколку сопре тоа, може лесно да се случи враќањето на националистичките сили во општества и во сите земја. Земете ја вашата земја за пример и видете што се случува, или Србија, на пример. Во Белград имате проевропска влада, која навистина ја посакува ЕУ-перспективата, но доколку набргу не покаже резултати, како што се отворање на фондовите или визна либерализација, тогаш зошто луѓето би гласале за нив и следниот пат. Можат да одберат некоја од алтернативите кои не се толку европски настроени.

**■ Пишувавте за митовите и за раѓањето на национализмот во Србија за времето на Милошевиќ. Дали овие националистички митови сè уште се живи на Балканот?**

Да, секако. Тие се само прикриени, тие беа на некој начин заспани откако беа искористени од Милошевиќ и од Туѓман и од останатите. Тие, секако, не се родија од ништо, тие постоеле и претходно, биле, така да речам, да кажам дека вие овде ја немате таа енергија, мотивација и врска за да можете да го остварите тоа. Што е уште поважно, иако не мислам дека ќе се случи тоа, сепак, доколку таквата мобилизација успее, се плашам дека тоа би ја уништило Македонија како држава.

Но, мислам дека за еден странец тоа претставува една непотребна и алармантна политика. Она што е проблематично е што вие и Грција навлегувате во сè подлабок круг на блокади и недоразбирања. Најинтересниот феномен е

**ПЕРСПЕКТИВИ**

**Не мислам дека враќањето кон црните денови од 1990-тите години е можно денес на Балканот. Но, не би го отфрлил доколку перспективите останат целосно блокирани подолг период**

**■ Престојувавте во Скопје неколку дена, веројатно разговаравте со многу луѓе. Успеавте ли на некој начин да ги разберете корените на таа антиквизација?**

Можам да разберам дека сакате да докажете дека дел од вашите предци биле луѓе кои живееле во тој период, и тоа е сосема нормално. Проблемот е контекстот во кој сето тоа се става и тоа изгледа чудно. На пример, контекстот на подигнување статуа на Александар Велики од 17 метри во овој момент придонесува Македонија да ја загуби моралната поддршка што ја уживаше во последните 18 години. Што е навистина жално.

**■ Дали во ваква ситуација може да се очекува решение за проблемот со името?**

Не гледам никаква можност дека проблемот ќе се реши во блиска иднина. Доколку не сте го решиле во изминатите 18 години, сега во овие изменети околности тоа ќе биде многу потешко. ■

102